ГОДИНА НА ИНТЕНЗИВНО ЛИКОВНО ЖИВЕЕЊЕ

Без разлика на сé, ликовното живеење во оваа година и "подлегна" на неочекувано богатата динамика и по активности и по содржини и по квалитет. Логиката на македонските ликовни уметници како да доби некакви екстратериторијални и екстратемпорални димензии обратно пропорционални на сите грижи, неспокојства и неизвесности на времето. Она што во последниве години терминолошки го одредивме како подем ,годинава доби уште појасни контури."Лидерството" и во овој случај им припадна на најмладите автори, творци со свежи и други ликовни пулсирања, со истражувачката категорија како доминанта што цели кон проект базиран врз лична автохтона визија.

Во оваа смисла го издвојувам организирањето на Првото биенале на младите во Музејот на современата уметност, манифестација што настојуваше да ги исфилтрира и даде на увид на јавноста оние креативни потенцијали, што , од една страна, го содржат нужниот квантум на ликовно достоинство, а од друга, отвораат простори кон автентични дискурси и други, изменети уметнички видувања. Практично, дадени се на показ, не толку ликовните тенденции и заедничките обележја , колку индивидуалностите, со дикција што главно се стреми кон надминување на кодираниот естетски став. Сознанието за постоењето на респектибилен број уметници заинтересирани за ликовната суштина што произлегува од внатре ( од битието на уметноста и од битието на творецот), а не се гради исклучиво врз провокациите "позајмени" од простор надвор од нив, свеста за конкретната активност на полето на самостојниот разгор на ликовниот ентитет, е од темелно значење за современата македонска

уметност денес. Одтука настојувањето за зрелоста на ракописот и дефинираноста на ликовната мисла кај поголемиот број на учесниците.
Слободно користејќи го и виденото и осознаеното и ставајќи ги одделно и заедно во нов контекст потчинет на сопствениот творечки закон, развиван и граден во ова поднебје напнато од искуствата на различни културни традиции), овие автори бескомпромисно и спонтано зборуваат, пледираат, за една ликовна вистина, што оттуѓувајќи се од конкретната стварност, се повеќе се приближува во космосот на уметничкото битие. Во оваа смисла ги издвојувам следните автори: Благоја Маневски, Петре Николоски, Глигор Стефанов, Драган Петковиќ, Јован Шумковски, Станко Павлески, Томе Аџиевски, Исмет Рамиќевиќ и Жанета Вангели.
Првото биенале на младите посочи на еден аксиолошки подем на ликовната мисла особено во сферите на просторните, пластичните реализации. Но, уште позначаен е фактот што овие автори самоиницијативно предложија друг морален кодекс (како супституција на зависното однесување и на подредената психологија), што тие се определија за своја автохтона визија.
Печатот на самостојните презентирања во Скопје го дадоа изложбите на Жанета Вангели, Благоја Маневски, Јован Шумковски, Станко Павлески, Маргарита Киселичка Калајџиева, и Исмет Рамиќевиќ.
Од самостојните изложби на уметниците од другите генерации посочувам на презентирањата на Анета Светиева во рамките на Охридското лето, Илија Пенушлиски во Уметничката галерија во Скопје и пред сé, на фрекфентната активност на Петар Мазев на настапите во Белград ( изложби во три галерии) во Врњачка Бања и претставувањето во Скопје ( едновремено во Салонот на ДЛУМ и во сопственото ателје). Мазев е ден од оние

сликари, кој заедно со неколкумина други, непрестајно инсистира на автентичноста на ликовното "битие за себе". Без разлика, дали тој свесно или инстинктивно трага по ентитетот на уметничкото дело, создавајќи од тоа трагање манир и кај други помлади автори, во случајов, суштествено е постигнувањето на националниот идентитет преку ликовниот, сметајќи дека, национ-алната самобитност се потврдува пред се, преку создавање на ~~и~~ вистински уметнички вредности. Долго време нашето сликарство ~~трагаше~~ страдаше токму поради преголемото значење што му се даваше на она што се случува надвор од него, било да е во прашање друга средина или друг свет - несликарски, неуметнички. Тој е еден од малкумината кој категорично ги отфрла комплексите, за да ги супституира со сопствената, со индивидуалната ликовна поетика. Тоја се гестови со историска релевантност, постапки што водат кон менување статусот, односот и значењето на современата македонска ликовна уметност.

За разлика од честото гостување на македонските автори во други средини во Југославија ( Анастасов и Перчинков во Загреб Димитар Манев во Љубљана, итн.) во Скопје имаше ретки присуства на ~~xxxxxxxxxxx~~ уметници од други средини. Меѓутоа, самостојната изложба на српскиот ~~xxx~~ уметник Радомир Дамњановиќ во МСУ Скопје беше навистина првокласен ликовен настан во Скопје. Од странската уметност ги нагласувам изложбите на Дејвид Хокни ( графика), Вифредо Лам ( графика), Роберт Маплторп ( фотографија) и изложбата што сега се одржува во Музејот на современата уметност "Светските мајстори од ~~музеите на модерна и современа уметност~~ во Југославија- исклучителна можност за средба со татковците на ~~xxxx~~ модернат ликовната авангарда на дваесеттиот век.

Соња Абаџиева Димитрова